СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 22 мај 1963
Скопје
Број 19 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 80 дин Жиро сметка број 802—11/1—698.

105.

На основа член 8 став 3 од Законот за гробиштата на борците („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 52/61), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ОРГАН НА УПРАВАТА ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА НА ГРОБИШТАТА НА БОРЦИТЕ

I

Евиденцијата на гробиштата и гробовите на југословенските борци, југословените — воени заробеници, интернираните лица и другите жртви на непријателскиот терор од Втората светска војна и од поранешните војни што се наоѓаат на територијата на Социјалистичка Република Македонија ја води Секретаријатот на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ за територијата на Републиката и органот на управата надлежен за социјална заштита на општинскиот народен одбор за подрачјето на општината.

II

Органите на управата надлежни за социјална заштита на општинските народни одбори се должни на Секретаријатот на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ да му доставуваат, по негово барање, податоци потребни за водење на евиденцијата на гробиштата и гробовите на борците од претходната точка.

III

Се овластува Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ да донесе поблиски упатства за устројувањето и водењето на евиденцијата од точка 1 на оваа одлука.

IV

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-702/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р. Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

106.

На основа глава X оддел 1 точка 4 од Општествениот план за стопанскиот развиток на Народна Република Македонија за 1963 година, во врска со Одлуката на Сојузниот извршен совет Р. п. бр. 21 од 22. I. 1963 година за вкупниот износ до кој може да се одобруваат кредити од средствата за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја, Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ВКУПНИТЕ ИЗНОСИ ДО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОДОБРУВААТ КРЕДИТИ ОД СРЕДСТВАТА ПРЕДВИДЕНИ ЗА НР МАКЕДОНИЈА ОД СОЈУЗНИТЕ СРЕДСТВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ РАЗВИТОКОТ НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

I

Вкупните износи на кредитите кои се одобруваат за основни средства предвидени за НР Македонија во глава XIII точка 4 од Сојузниот општествен план за 1963 година за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја со одобрените кредити од средствата предвидени за оваа намена во сојузните општествени планови за 1961 и 1962 година не може да го надминат износот од 40.000 милиони динари.

II

Од средствата предвидени во претходната точка Стопанската банка на НР Македонија може за одделни стопански области да одобрува кредити најмногу до:

(Во мил. динари)

— за индустрија и рударство вклучително и кредити за студии, истраги и учество	33.000
— за земјоделство	900
— за градежништво	1.700
— за угостителство и туризам	1.700
— за стручно школство	2 .700

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1963 година.

Бр. 09-1038/1
23. април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р. Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

107.

На основа член 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ

I. Се разрешуваат поради заминување на нова должност:

1. ФИЛИП БРАЈКОВСКИ, член на Извршниот совет, — од должноста секретар на Извршниот совет;

2. МОРИЦ РОМАНО, член на Извршниот совет, — од должноста републички секретар за трговија и туризам;

3. ЌЕМАЛ СЕЈФУЛА, од должноста републички секретар за финансии;

4. АНГЕЛ ЧЕМЕРСКИ, од должноста директор на Републичкиот завод за стопанско планирање;

5. БЛАГОЈ СИМЕОНОВ, од должноста републички секретар за општи стопански работи;

6. МИЦЕ ДИМЕВСКИ, од должноста републички секретар за труд;

7. БЛАГОЈ ЛЕВКОВ, од должноста републички секретар за правосудство;

8. СТОЈАН ЌОСЕВ, од должноста републички секретар за сообраќај и врски;

9. Д-р ГЛИГОР ТОФОВСКИ, од должноста секретар на Советот за народно здравје;

10. ДИМИТАР ШОПОВ, од должноста секретар на Советот за просвета; и

11. ТИБЕРИЕ КИРИЈАС, секретар на Советот за социјална политика и комунални прашања.

II. Се именуваат:

1. За секретар на Извршниот совет МИРЕ ДОНОВСКИ, државен потсекретар во Извршниот совет;

2. За републички секретар за општи стопански работи ВЕЛИМИР ГИНОВСКИ, секретар на Стопанската комора на НРМ;

3. За републички секретар за сообраќај и врски КОЧО КИТАНОВСКИ, помошник на републичкиот секретар за индустрија;

4. За републички секретар за трговија и туризам ДРАГАН СПИРОВСКИ, претседател на Народниот одбор на Тетовска околија;

5. За републички секретар за труд ВАСКА ДУГАНОВА, член на Секретаријатот на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

6. За републички секретар за финансии ИЛИЈА СПИРОВСКИ, републички државен потсекретар во истиот секретаријат;

7. За републички секретар за правосудство ГАЛИП ДЕМА, досегашен судија на Окружниот суд — Тетово;

8. За директор на Републичкиот завод за стопанско планирање СТОЈАН ЌОСЕВ, досегашен републички секретар за сообраќај и врски;

9. За секретар на Советот за народно здравје д-р НИКОЛА ГЕОРГИЕВСКИ, стручен помошник директор на Републичкиот завод за здравствена заштита;

10. За секретар на Советот за просвета СЛАВКА ГЕОРГИЕВА, досегашен директор на Заводот за школство при Народниот одбор на Скопска околија; и

11. За секретар на Советот за социјална политика и комунални прашања КИРО АНАСТАСОВ, потпретседател на Народниот одбор на Скопска околија.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1040/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р. Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

108.

На основа член 3 став 4 и член 4 став 4 од Законот за формирањето на единствени стопански комори („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 22/62), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА НРМ

I. Се разрешуваат поради заминување на нова должност:

1. БЛАГОЈ ПОПОВ, член на Извршниот совет, — од должноста претседател на Стопанската комора на НРМ;

2. МИТО ДИМИТРИЕВСКИ, од должноста потпретседател на Стопанската комора на НРМ;

3. АСПАРУХ КАНЕВЧЕ, од должноста претседател на Секцијата за туризам и угостителство во Стопанската комора на НРМ;

4. ПЕРО МЕНКОВ, од должноста претседател на Секцијата за занаетчиство и комунално стопанство во Стопанската комора на НРМ;

5. ФИРУЗ НАЗИМ, од должноста претседател на Секцијата за унапредување на задругарството — Задружен сојуз во Стопанската комора на НРМ;

II. Се именуваат:

1. За претседател на Стопанската комора на НРМ МОРИЦ РОМАНО, член на Извршниот совет; и

2. За потпретседател на Стопанската комора на НРМ ДИМИТАР БОЈКОВ, досегашен претседател на Секцијата за индустрија во Стопанската комора на НРМ.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-1041/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

109.

На основа член 5 и 11 од Законот за социјалните установи („Службен весник на НРМ" бр. 40/55) и член 195 став 2 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 52/59, 23/61, 52/61 и 28/62), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСНОВАЊЕ АУДИОЛОШКИ ЦЕНТАР

1. Во решението за основање Аудиолошки центар („Службен весник на НРМ" бр. 18/60), називот на Центарот се менува и гласи: „Фонијатиско — аудиолошки центар".

2. По точка 7 се додава нова точка 7а која гласи: „Финансирањето на Центарот се врши според прописите што се применуваат на здравствените установи.

Управниот одбор на Центарот ги врши правата што ги има според постојните прописи совет на здравствена установа".

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а одредбите на точка 2 ќе се применуваат од 1 јануари 1963 година.

Бр. 09-995/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

110.

На основа точка 8 од Решението за основање Дирекција за изградба на мелиоративните системи во НР Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 11/61), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ИЗГРАДБА НА МЕЛИОРАТИВНИТЕ СИСТЕМИ ВО НР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешуваат досегашните членови на Управниот одбор на Дирекцијата за изградба на мелиоративните системи во НР Македонија:

— САЛТИР ПУТИНСКИ, потпретседател на Стопанската комора на НРМ и

— МИТО ТЕМЕНУГОВ, претседател на Сојузот на водните заедници на НРМ.

2. За нови членови на Управниот одбор на Дирекцијата за изградба на мелиоративните системи во НРМ се именуваат:

— НАУМ ПЕЈОВ, народен пратеник; и

— Инж. БРАНКО МЛАДЕНОВСКИ, секретар на Регионалната стопанска комора во Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-1046/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

111.

На основа член 16 од Уредбата за заводите за цени во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 41/62), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЦЕНИ

I. Советот на Републичкиот завод за цени се состои од 15 члена.

II. Во Советот на Републичкиот завод за цени се именуваат:

а) за претседател:

д-р ЈОВАН СТОЈАНОВСКИ, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје;

б) за членови:

1) ЛАЗАР ДИРЈАНСКИ, секретар на Секцијата за унапредување на задругарството во Стопанската комора на НРМ;

2) инж. СТОЈАН КАЛЕОВ, раководител на група во Републичкиот завод за стопанско планирање;

3) ДИМЧЕ ПЕНЕВ, пом. директор на Заводот за статистика на СРМ;

4) ЈАНКО АНЧЕВСКИ, началник на Одделението за индустрија во Републичкиот секретаријат за индустрија;

5) ИЛИЈА АНАСТАСОВ, началник на Одделението за внатрешна трговија во Републичкиот секретаријат за трговија и туризам;

6) инж. БЛАГОЈ НИКОЛОВ, началник на Одделението за земјоделство во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство;

7) д-р СТРАХИЛ ЛАЗАРОВ, началник на Одделението за здравство во Советот за народно здравје на НРМ;

8) КРУМ МИХАЈЛОВ, доцент на Економскиот факултет во Скопје;

9) КОСТА СИДОВСКИ, виши научен соработник во Економскиот институт во Скопје;

10) СТОЈАН ЃОРЧЕВСКИ, директор на Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" — Тетово;

11) МИХАЈЛО МУРГАШАНСКИ, директор на Фабриката за рабни цевки „11 октомври“ — Куманово;

12) ВИТЕ ИСИЈАНОВСКИ, член на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

13) МИРКО МАРИНКОВСКИ, секретар на Комисијата за стопанска политика на Главниот одбор на ССРНМ.

Директорот на Републичкиот завод за цени е член на Советот по својот положај.

III. Советот на Заводот се именува на две години.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1071/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

112.

На основа член 9 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството („Службен весник на НРМ“ бр. 11/63), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ РАБОТИ ВО РУДАРСТВОТО

I. Во Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството се именуваат:

а) за претседател:

1. инж. ГОЛУБ КОСЕВСКИ, заменик технички директор за рударство во Рудници и железарница „Скопје“;

б) за членови:

1. инж. ТОМЕ ТОДОРОВСКИ, управник во Рударскиот базен за хромова руда „Радуша“ — Ѓорче Петров;

2. ТОДОР ТОДОРОВСКИ, пом. генерален директор на Стопанската банка на НРМ;

3. инж. БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ, началник на Одделението за рударство во Републичкиот секретаријат за индустрија;

4. ПАВЛЕ ТАСЕВСКИ, началник на Одделението за индустрија во Републичкиот завод за стопанско планирање;

5. инж. ГЕОРГИ ОРОВЧАНОВ, директор на Геолошкиот завод за НРМ;

6. инж. МИЛИВОЈЕ ХОХНЕЦ, вонреден професор на Техничкиот факултет во Скопје;

7. ХРИСТО СТАМБОЛИЕВ, вонреден професор на Техничкиот факултет во Скопје;

8. СПАСЕ КУЈЂАН, секретар на Советот за научна работа.

II. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-1072/1
23 април 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

Оіласен дел

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15-IX-1962 година, ред. бр. 1, страна 209, е запишана под фирма: Продавница број 17, со седиште во Св. Николе, на Конфекционата фабрика „Прогрес“ од Скопје. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на сите видови конфекција (лесна, полулесна, тешка, детска, женска и машка), производство на фабриката, а поради дополнување на асортиманот на производите и продажба на текстилна галантерија.

Продавницата е основана од Конфекционата фабрика „Прогрес“ од Скопје, а основањето е одобрено од Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје, со решението бр. 04-3376/1 од 21-VII-1962 година и одобрението на Отсекот за стопанство и финансии на Народниот одбор на општината Св. Николе бр. 05-3113 од 15-IX-1961 година.

Раководител на продавницата е Трајче Арсов, кој не е овластен да ја потпишува.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 186/62. (1337)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 26, страна 67, е запишан под фирма: Земјоделска задруга „Изворски“ од село Богданци, Погон трговија во село Богданци, Гевгелија. Предмет на работењето на погонот е: продажба на сите сувомесни производи, сите видови конзерви од месо и риба, млечни производи од сопствено производство и набавка од други места, алкохолни и безалкохолни пијалоци, производи од шеќер, тестени производи, овошје и зеленчук и преработка на овошје и зеленчук, варива, јужно овошје, разни зачини, производство и продажба на леб и бели печива и клање и продажба на месо.

Погонот е основан од Задружниот совет на Земјоделската задруга „Изворски“ од село Богданци, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Богданци под бр. 4164/1 од 26-IX-1962 година.

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето

Ристо Ичев, раководител на погонот, и Никола Данаилов, книговодител на погонот.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 634/62. (1367)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 683, страна 1033, е запишан под фирма: Железничко транспортно претпријатие од Скопје — Погон градежна секција во Скопје со самостојна претсметка. Предмет на работењето на погонот е: изработка на нови објекти од високоградба и нискоградба и инвестиционо одржување на објекти од високоградба и нискоградба.

Погонот е основан од Работничкиот совет на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје под бр. 04-2912 од 5-V-1962 година.

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето Мраморец Јордан, раководител на секцијата, инж. Ламбе Ламбевски и Душко Димушевски, шеф на стопанската служба на секцијата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 604/62. (1369)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 181, страна 475, е запишана под фирма: Лозаро-винарско претпријатие „Винојуг" од Гевгелија — Продавница во Скопје, населба „Автокоманда". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на алкохолни пијалоци — вино, ракија и други алкохолни пијалоци што го надополнуваат асортиманот на продавницата.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Лозаро-винарското претпријатие „Винојуг" од Гевгелија, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје под бр. 03/1 — 14776 од 22-IX-1962 година.

Раководител на продавницата е Петровски Борисов Љубе.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 609/62. (1370)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 10, страна 37, е запишана под фирма: Земјоделска лозаро-винарска задруга од Тетово — Продавница во Скопје, ул. „Христо Смирневски" бр. 3 Предмет на работењето на продавницата е: продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци од сопствено производство.

Продавницата е основана од Задружниот совет на Земјоделската лозаро-винарска задруга од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 04-16462/1 од 2-X-1962 година.

Раководител на продавницата е Перо Димитровски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето задругата.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 640/62. (1371)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 516, страна 641, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за колонијал на големо и мало „Центроколонијал" од Скопје — Самопослужна продавница бр. 30 во Скопје, населба „Карпош" (ново пазариште). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на сите видови колонијално-прехранбени стоки.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за колонијал на големо и мало „Центроколонијал" од Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје под бр. 04-15232/1 од 14-IX-1962 година.

Раководител на продавницата е Милевски Владимир.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 635/62. (1372)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 335, страна 883, е запишана под фирма: Автотранспортно претпријатие за превоз на патници и стоки „Пролетер" од Скопје — Работничко-службеничка менза во Скопје (во кругот на фабриката). Предмет на работењето на мензата е: укажување угостителски услуги на работниците и службениците од претпријатието — исхрана на членовите на работниот колектив, точење на безалкохолни пијалоци, вклучувајќи и пиво.

Мензата е основана од Работничкиот совет на Автотранспортното претпријатие за превоз на патници и стоки „Пролетер" од Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула Скопје под бр. 03-/1-6073 од 14-VI-1961 година.

Раководител на мензата е Киро Ивановски.

Работничко-службеничката менза ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 528/62. (1387)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 3-X-1962 година, рег. бр. 1/59, свеска IV, е запишана под фирма: Продавница за риби „Шаран" во Битола на Рибарското стопанство „Шаран" од

с. Перово, Охридско. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на сите видови риба и рибни производи.

Продавницата е основана од Рибарското стопанство „Шаран" од с. Перово, а основањето е одобрено од НО на општината Битола, со решението бр. 06-6344/1 од 17-IX-1962 год.

Раководител на продавницата е Крсте Бубевски, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува стопанството.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 373/62. (1391)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-X-1962 година, рег. бр. 24/62, свеска I, е запишана под фирма: Фабрика за волнени ткаенини во изградба — Битола. Предмет на работењето на фабриката е: производство на волнени предива и ткаенини, како и производство на предиво и ткаенини од тврдо влакно.

Фабриката е основана од НО на општината Битола, со решението бр. 03-6144 од 13-IX-1962 година.

Фабриката ќе ја потпишува в.д. директорот Благој Илјовски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 396/62. (1392)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17-X-1962 год., рег. бр. 2/60, свеска I, е запишан под фирма: Трговски дуќан „Светлост" во с. Суводол на Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од село Новаци, Битолско. Предмет на работењето на дуќанот е: купопродажба на текстил и текстилна галантерија, галантерија и кратка плетена стока, јажарска стока, чевли, кожи и прибор, производи од гума, каучук и пластични маси, железарија и метална стока, нафтени деривати, мазива, уља и деривати, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали, бои лакови, хемиски прибори, парфимериска и козметичка стока, метален-градежен материјал, стакло, порцелан и керамичка стока, канцелариски материјали, хартија и школски прибор, алкохолни и безалкохолни пијалоци, животни намирници и предмети за кукни потреби, базарска стока и играчки, преработки од тутун, кибрит и хартија за цигари, мешана стока, огревно дрво и ќумур и трговија со други материјали од областа на трговијата.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, а основањето е одобрено од НО на општината Новаци, со решението бр. 01-7447/2 од 15-VII-1962 година.

Раководител на дуќанот е Пековски Петре, а ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 392/62. (1393)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17-X-1962 година, рег. бр. 2/60, свеска I, е запишан под фирма: Трговски дуќан „Горица" во село Добровени на Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, Битолско. Предмет на работењето на дуќанот е: купопродажба на текстил и текстилна галантерија, галантерија и кратка плетена стока, јажарска стока, чевли, кожи и прибор, производи од гума, каучук и пластични маси, железарија и метална стока, нафтени деривати, мазива, уља и деривати, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали бои, лакови, хемиски прибор, парфимериска и козметичка стока, метален — градежен материјал, стакло, порцелан и керамичка стока, канцелариски материјал, хартија и школски прибор, алкохолни и безалкохолни пијалоци, животни намирници и предмети за кукни потреби, базарска стока и играчки, преработки од тутун, кибрит и хартија за цигари, мешана стока, огревно дрво и ќумур и трговија со други материјали од областа на трговијата.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, а основањето е одобрено од НО на општината Новаци, со решението бр. 01-7447/2 од 15-VII-1962 година.

Раководител на дуќанот е Цветковски Митре, а ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 393/62. (1394)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17-X-1962 година, рег. бр. 2/60, свеска I, е запишан под фирма: Трговски дуќан „Солидарност" од с. Дедебалци на Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од село Новаци, Битолско. Предмет на работењето на дуќанот е: купопродажба на текстил и текстилна галантерија, галантерија и кратка плетена стока, јажарска стока, чевли, кожи и прибор, производи од гума, каучук и пластични маси, железарија и метална стока, нафтени деривати, мазива, уља и деривати, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали, бои, лакови, хемиски прибор, парфимериска и козметичка стока, метален — градежен материјал, стакло, порцелан и керамичка стока, канцелариски материјал, хартија и школски прибор, алкохолни и безалкохолни пијалоци, животни намирници и предмети за кукни потреби, базарска стока и играчки, преработки од тутун, кибрит и хартија за цигари, мешана стока, огревно дрво и ќумур и трговија со други материјали од областа на трговијата.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, а основањето е одобрено од НО на општината Новаци, со решението бр. 01-7447/2 од 15-VII-1962 година.

Раководител на дуќанот е Трајан Вељановски, а ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 394/62. (1395)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 17-X-1962 година, рег. бр. 20/60, свеска I, е запишан под фирма: Трговски дуќан „22 декември" во село Скочивир на Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, Битолско. Предмет на работењето на дуќанот е: купопродажба на текстил и текстилна галантерија, галантерија и кратка плетена стока, јажарска стока, чевли, кожи и прибор, производи од гума, каучук и пластични маси, железарија и метална стока, нафтени деривати, мазива, уља и деривати, радиоапарати и прибор, електротехнички материјали, бои, лакови, хемиски прибор, парфимериска и козметичка стока, метален — градежен материјал, стакло, порцелан и керамичка стока, канцелариски материјал, хартија и школски прибор, алкохолни и безалкохолни пијалоци, животни намирници и предмети за кукни потреби, базарска стока и играчки, преработка од тутун, кибрит и хартија за цигари, мешана стока, огревно дрво и кумур и трговија со други материјали од областа на трговијата.

Дуќанот е основан од Трговското претпријатие „Илјада и педесет" од с. Новаци, а основањето е одобрено од НО на општината Новаци, со решението бр. 01-7447/2 од 15-VII-1962 година.

Раководител на дуќанот е Кулевски Александар, а ќе го потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 395/62. (1396)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека регистарот на стопанските организации на 9-X-1962 година, рег. бр. 19/62, свеска II, е запишана под фирма: Продавница во Кичево на Фабрика обуќе „Комуна" од Призрен. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на сите врсти чевли од сопствено производство.

Продавницата е основана од Фабриката „Комуна" од Призрен, а основањето е одобрено од НО на општината Кичево, со решението бр 04-6144/1 од 31-VIII-1962 година.

Раководител на продавницата е Боро Бушевски, а ќе ја потпишува Ѓерѓизи Мазар, директор на фабриката.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 377/62. (1397)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19-IX-1962 година, рег. бр. 18/62, свеска II, е запишана под назив: Станбена задруга „Светлост" во Охрид при Синдикалната подружница „Електрична централа" од Охрид. Предмет на работењето на задругата е: изградба на станбени згради за членовите на станбената задруга.

Станбената задруга е основана од Синдикалната подружница при „Електричната централа". Охрид, а правилата на задругата се одобрени од НО на општината Охрид, со решението бр. 06-1572/1 од 31-III-1962 година.

Задругата ќе ја потпишуваат, Матлиевски Никола и Силјановски Љубе, претседатели на управниот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 364/62. (1398)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 16-X-1962 година, рег. бр. 84/55, свеска II, е запишана под фирма: Продавница (киоск) на ул. „Мице Козар" во Прилеп на Претпријатието „Црвени Стени" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на пиво и безалкохолни пијалоци од сопствено производство.

Продавницата е основана од Претпријатието „Црвени Стени" од Прилеп, а основањето е одобрено од НО на општината Прилеп, со решението бр. 04-5835/1 од 12-IX-1962 година.

Раководител на продавницата е Боце Боцевски, а ќе ја потпишува лицето што е овластено да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 384/62. (1399)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 206, страна 551 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Продавницата во Титов Велес на Сточарското стопанство „Црвени Брегови" од Неготино, согласно со одлуката на работничкиот совет на претпријатието од 14-XII-1961 година бр. 2792.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 778/61. (43)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 581, страна 277 е запишано следното: Согласно со одлуките на управниот одбор на Деловното здружение „Конзерваекспорт" — Скопје, донесени на седниците од 25-X-1961 год. и 28-XII-1961 год. за прием во членство на здружението, за членки на Деловното здружение „Конзерваекспорт" — Скопје се примени: Фабриката за амбалажа од Куманово и Фабриката за црвен пипер од Гевгелија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 24/62. (90)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-XII-1961 година на страна 261, ред. бр. 2 е запишано следното: Петровски Благоје, досегашен раководител на Продавницата за кондури „Пролетер" од Струмица, е разрешен од должност. За раководител на продавницата е назначен Пиперовски Благој, кој е овластен да ја потпишува продавницата во границите на овластувањето.

Промената на раководителот е запишана во регистарот врз основа на одлуката од Работничкиот совет на Фабриката „Пролетер" — Струмица од 24-XI-1961 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 201/61. (118)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 22-XII-1961 година под ред. бр. 5, страна 85 е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината Василево бр. 01-978/1 од 10-VIII-1961 година Земјоделската задруга „Пролетер" од с. Сушица, Струмичко, е ставена под присилна управа, сметано од 15-VIII-1961 година.

За присилен управник е назначен Киро Стаматов.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 156/61. (119)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 397, страна 255 е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на „Атом" претпријатие за услуги во земјоделието, поправки, автотранспорт, снабдување со резервни делови и гориво од Валандово, Милан Недиќ, со решението на Народниот одбор на општината Валандово под бр. 3690/1 од 14-XII-1961 година е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието е назначен Костадинов Н. Нико. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Иван Пеев, шеф на сметководството, сметано од 19-I-1962 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 64/62. (139)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 716, страна 65, свеска II е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје под бр. 04-11943 од 31-X-1961 година е одобрено конституисањето на Проектантското претпријатие „План" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 10/62. (176)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 328, страна 865 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Претпријатието за поправка на мерки и тегови и изработување на мерки — Скопје, бидејќи со решението на Народниот одбор на општина Кале — Скопје под бр. 584 од 26-XII-1961 година е припоено кон Претпријатието за далекуводи и трафостаници — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 69/62. (179)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 187, страна 495, свеска I е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје под бр. 584 од 26-XII-1961 година кон Претпријатието за далекуводи и трафостаници — Скопје е припоено Претпријатието за поправка на мерки, тегови и изработување на мерки — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 70/62. (180)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 241, страна 635, е запишано следното: Се симнува принудната управа на Претпријатието за обработување на кожни производи „Колектив" — Скопје, согласно со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје под бр. 564 од 12-XII-1961 година.

Принудниот управник на претпријатието Василевски Тодор со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје под бр. 237 од 3-II-1962 година е назначен за в. д. директор. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Арсова Милка, шеф на сметководството, сметано од 22-II-1962 година.

На потписникот Ангеле Мингов, технички раководител, му престанува правото за потпишување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 141/62. (279)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под. рег. бр. 712, страна 41, свеска II е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје под бр. 03/1-708 од 9-II-1962 година фирмата на Занаетчиско-водоинсталатерската задруга „Тиквеш" од Скопје во иднина се менува и ќе гласи: Занаетчиско-инсталатерска задруга за водовод и централно греење „Југотерма" — Скопје.

Со горецитираното решение и дејноста се проширува и со инсталации за централно греење и уреди за аклиматизација.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 140/62. (293)

